# ШАМПИОНАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО АВТОСЛАЛОМ

# ТЕХНИЧКИ ПРАВИЛНИК ЗА А09 (АВТОСЛАЛОМ) ЗА АВТО СПОРТОВИ

**АВТО СПОРТ 2010**

# ТЕХНИЧКИ ПРАВИЛНИК ЗА А09 (АВТОСЛАЛОМ) ЗА АВТО СПОРТОВИ

## *Сериски и Спринт автомобили*

## Група *СЕРИСКИ автомобили ( Група I )*

### 1. Општо

Тоа е група автомобили со важечка сообраќајна дозвола регистрирани за јавен сообраќај. Возилата не мораат да бидат хомологирани.

### 2. Кабриолети

Отворени автомобили мора да имаат од производителот вградени заштитен лак или заштита направенаво склоп со барањата од член 253. FIA Додаток J и потврден од страна на Техничката Комисија на АФМ.

### 3. Подвојување покласи

Подвојувањето по класи се спроведува според работната зафатнина на моторот од сообраќајната дозвола. Кај моторите со вградена турбина, наведената зафатнина на цилиндрите се множи со коефицијентот 1,7 за бензински мотори а 1,5 за дизелски мотори, а возило преминува во класа во која одговара со така добиениот фиктивна зафатнина. Возилото подлегнува на сите барања како да е така зголемената зафатнина негова стварна зафатнина.
Во случај на ванкелов мотор зафатнината на моторот се смета во согласност со член 252.3.1 FIA Додатка J.

### 4. Тежина на возилата

Возилото за време на натпреварот мора да ја има најмалку онаа тежина која е наведена во сообраќајната дозвола (мерено без возач и неговата опрема). Дозволено е одстапување од тежината до 3 %.

### 5. Мотор

Моторот мора да биде сериски, изворно вграден од производителот. Не се дозволени никакви преправки на серискиот мотор. Без оглед на другите преправки дозволени со овој правилник одстапувањата од фабричката наведена сила на моторот не смее да биде поголема од 10 %. Филтерот за воздух е слободен но мора да биде сместен во сериската кутија.

Кај моторите со распрскувач дозволено е заменување на распрскувачот со друг (со исти карактеристики) додека куќиштето за филтерот и филтерот се слободни но не смее да се одстранат.

### 6. Издувен систем

Издувниот систем мора да остане сериски. Ако во системот е предвиден катализатор тој мора да биде исправен и во функција. Зад катализаторот е дозволено вградување спортски издувен лонец. Најголема дозволена бучност не смее да биде поголема од $98^{+2}$ db(A) мерено по FIA методите.

### 7. Приенос на силата

Менувач, спојница, погонскиот мост мораат да останат сериски.

## 8. Кочионен систем

Кочиониот систем мора да остане сериски. Кочионите диск плочки се слободни.

## 9. Управувачки систем

Управчкиот систем мора да остане сериски. Воланот е слободен.

## 10. Ослонување

Системот за ослонување мора да остане сериски. Дозволено е заменување наопругите и на амортизерите со спортски под услов да принципот на работаостане непроменет.

## 11. Тркала и гуми

Дозволена е употреба на фелни кои се за 2 цола поголеми или помали од оние наведени во сообраќајната дозвола (кои  производителот ги предвидел за тој тип/варијанта на возило). Пневматиците мораат да бидат хомологирани за јавен сообраќај (да имаат хомологациски број со ознака Е или Е во круг). Во текот на натпреварот длабочината на шарата на нагазната површина не смее да биде помала од 2 мм (на ¾ од површината на нагазната површина) но не може да биде предмет на приговор.

Дозволено е вградување на проширувачи на трагот на тркалата под  услов да тркалата останат покриени со блатобранот (складно со член 255.5.4 FIA Додаток J).

## 12. Резервно тркало и опрема

За време на натпреварувањето не треба да биде во возилото.

## 13. Каросерија

Каросеријата мора да остане сериска и никакви појачувања и преправки не се дозволени. На школката /шасијата помеѓу точките на причврствување на ослонувањето и истите осовини (од двете страни по надолжната оска на возилото) дозволено е поставување на укрутување (цевки) за појачување, под услов да се расклопливи односно да се причврстени со завртки.

Дозволена е вградување на прозорец на кровот, спојлери (кои ги задоволуваат барањата за безбедност) и дополнителни осигурачи на поклопецот на моторот и багажникот.

## 14. Кокпит

Внатрешноста на возилото мора да остане сериска. Сета дополнителна опрема која нема влијание на однесување на возилото, дозволена е без ограничувања. Опремата врзана за изгледот односно подобрување на удобноста (комфорот) на внатрешноста на возилото (осветлување, греење, радио, итн.), не смее да влијае, дури ни посредно на работата на моторот, управувањето, чврстината на возилото, трансмисијата, кочењето и однесувањето на возилото на патот.

## 15. Заштитен лак/кафез

Вградување на заштитен лак /кафез е дозволена.

## 16. Сигурносни појаси

Употребата на  хомологирани сигурносни појаси е задолжителна. Појасите мораат да носат хомологациска ознака на одговарачки FIA стандарди или ECE правилникот бр. 16.

## 17. Седишта

Се препорачува вградување на хомологирано спортско седиште за пилотот. Останатите седишта/ клупи мора да останат сериски.

## 18. Светла

Дозволено е вградување на дополнителни светала складно на барањата на *Правилникот за технички услови на возилата во прометот на патиштата.*

## 19. Ватрогасен апарат

Вградување на апарат за гасење не е задолжително но се препорачува. Во случај на вградување важат барањата од член 21. од правилникот за Група Спринт.

# Група *СПРИНТ автомобили( Група II )*

## 1. Општо

Тоа е група на автомобили која мора да има или важечка сообраќајна дозвола или важечки технички преглед и пробни таблици или *Книшка на натпреварувачко возило за А09*. Возилата не мораат да бидат хомологирани.

Во однос на сериските (стандардни) автомобили автомобилите во оваа група смеат да бидат преправени но складно со барањата на овој член.

## 2. Кабриолети

Отворени автомобили мораат да имаат од производителот вграден заштитен лак /кафез направен складно со барањата од член 253.на FIA Додатокот J и потврден од страна на ТКАС.

## 3. Распоредување по класи

Распоредувањето по класи се спроведува според работната зафатнина на моторот од сообраќајната дозвола или *Книшката на натпреварувачкото возило за дисциплината А09*. Кај мотора со претполнење, називната зафатнина на цилиндрите се множи со коефициентот 1,7 за бензински мотори а 1,5 за дизелските мотори, а возило преминува во класа која одговара на така добиената фиктивна (еквивалентна) зафатнина. Возилото подлига на сите барања како да е така зголемена зафатнината негова стварна зафатнина.

Во случај кај ванкеловите мотори зафатнината на моторот се пресметува складно со член 252.3.1 од FIA Додатокот J.

## 4. Тежина на возилата

Возило за времеме на натпреварувањето мора да ги има најмалку следниве тежини (во однос на зафатнината на моторот):

до 1200 см$^3$: 675 кг

од 1200 см$^3$ до 1600 см$^3$: 750 кг

над 1600 см$^3$ 850 кг

## 5. Мотор

Мотор е произволен под следните услови:

а) мора да биде бграден на исто место (напред, назад итн.)

б) мора да биде од ист вид (otto, diesel итн.), мора да има ист број на цилиндри и начин на ладење како изворниот мотор

ц) Стварната или фиктивната зафатнина на накнадно вградениот мотор не смее да биде поголем од 100 % од заватнината на наголемиот мотор кој е уградуван во некојаваријанта од тој тип на возило. (така на пр. во Fiat Uno не смее да се вгради мотор со поголема зафатнинаод оној кој се добива кога стварната

зафатнина на моторот од Uno 75 i.e. помножен со 2, што изнесува 1498 см$^3$ x 2= 2996 см$^3$.

## 6. Издувен систем

Издувниот систем е слободен. Најголема дозволена бучава не смее да биде поголема од 98 $^{+2}$ db(A) мерено со FIA метода.

## 7. Пренос на силата

Менувач, спојка, погонскиот мост се слободни.

## 8. Кочионен систем

Кочиониот систем смее да се преправи. Рачната кочница мора да биде вградена. Регулатор за силата на кочењето е слободен.

## 9. Управувачки систем

Преносниот однос на управувачкиот систем смее да се измени.

## 10. Ослонување

Изворниот систем на ослонување смее да се преправи но не и да се замени со друг. Дозволена е замена на опругите и амортизерите со спортски под услов да нивниот принцип на работа остане непроменет. Дозволено е вградување (или одстранување) на попречни стабилизатори.

## 11. Фелни и гуми

Димензијата на фелната и гумата се слободни. Дозволено е вградување на проширувачИ на трагот на тркалата под услов да тркалата останат покриени со калниците (складно на член 255.5.4 од FIA Додатка J).

## 12. Резервно тркало и опрема

За време на натпреварувањето опремата не смее да биде во возилото.

## 13. Каросерија

Каросеријата мора да остане сериска но со дозволени појачувања и преправки. Појачувањата на деловите за огибување на шасијата и каросеријата се дозволени под услов да додадениот материјал го следи изворниот облик (делот кој се појчува) и да е водопир со него. Проширувањата на калниците се дозволени под услов да ширината на серискотo возило не се зголеми за повеќе од 10 %.

На школката/ шасијата помеѓу тркалата појачувањата на ослонувањето на истите осовини (од двете страни од надплжната оска на возилото) дозволено е поставување на укрутувачи (цевки) за појачување. Дозволено е уградување на прозорци на кровот и дополнителни осигурувачИ на поклопецот на моторот и багажниот простор. Дозволено е одстранување на сериските браници.

## 14. Кабина (кокпит)

Внатрешноста на возилото мора да остане сериска освен во следните исклучоци:

- Опремата која се наоѓа под контролната табла и која нее нејзин составен дел, смее да се одстрани. Дозволено е одстранување на дел од средишната конзола кои не содржат греење ниту инструменти.
- Дозволено е одстранување на материјалите за звучна изолација од вратите, под условo да не се менува обликот на вратата. Хадворешната облога мора да остане сериска или može да биде заменета со други материјали (стаклопластика, алуминиум итн.) Истото важи и за облогата под задните странични прозорци кај возилата со две врати.

- Системот за климатизација (*air-condition*):смее да се вгради или одстрани како и системот за греење на кабината.
- Полицата која е сместена под задниот прозорец кај двоволуменските автомобили смее да се одстрани.

Инструментите се слободни.

## 15. Заштитен лак/кафез

Вградувањето на заштитниот лак /кафез е дозволено.

## 16. Сигурносни појаси

Употреба на хомологирани сигурносни појаси е задолжителна. Појасите мораат да носат хомологациска ознака на одговарачки FIA стандарди или ECE правилник бр. 16.

## 17.Седишта

Се препорачува уградување на хомологирано спортско седиште за возачот. Останатите седишта/ клупи смеат да се одстранат.

## 18. Светла

Дозволена е замена на главните светала и светлосно сигналните уреди со уметоци од ист облик.

## 19. Противпожарен апарат

Возилото мора да биде опремено со уред (апаратом) за гасење со најмалку 2 кг средство за гасење. Носачите мораат да издржат и успорувања од 25 г а се прифаќаат само брзо отпуштачки метални носачи со метални обрачи (најмалку 2 комада).

| | |
|---|---|
| **Спортски директор за Автослалом на АФМ** | **Председател на Одборот за Авто Спорт на АФМ** |
| ______________________ | ______________________ |
| **Даниел Крстевски** | **Ранко Станојковски** |